**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

ЗАПИСНИК
од 490-та седница на Судскиот совет на
Република Северна Македонија

Скопје, Јуни 2024 година

Седницата се одржа на ден 10.06.2024 година, Понеделник со почеток во 09:30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател;
- **судија Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **судија Сашко Георгиев**, Член;
- **судија м-р.Антоанета Димовска**, Член
- **судија м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **судија Мирсад Сурој**и, Член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член;
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член
- **Беса Адеми,** Престедател на Врховниот суд на РСМ и член по функција

Оправдано отсутни членови:

- **судија Лорета Горгиева,** Член (користи боледување)
- **м-р.Селим Адеми,** Член (користи годишен одмор)
- **Кренар Лога,** Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник
- **Александра Шоптрјанова**, Технички секретар;

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на јавност.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот **Весна Дамева.**

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага проширување на предложениот дневен ред со точка: избор на ВД Претседател на Апелациониот суд Битола бидејќи сегашниот ВД претседател Александар Камбовски е избран за член на Судскиот совет на РСМ.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека во петокот добила приговор од судија за измена на Годишниот распоред за работа на Управниот суд, поради што предлага да се прошири дневниот ред и со оваа точка. Појасни дека материјалите се скенирани и се наоѓаат на мрежата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага овој предлог од членот Тања да биде под точка 6 од Дневниот ред, а предлогот за избор на ВД Претседател на Апелациониот суд Битола да биде под точка 2 од Дневниот ред.

Согласно наведеното Претседателот на Советот **Весна Дамева** го предлага следниот Дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на комуникациската стратегија на Судскиот совет на РСМ и судовите во РСМ со акциски план за период 2024-2028 година;
2. Определување на ВД претседател на Апелационен суд Битола;
3. Донесување на одлуки за престанок на функција судија-поротник и избор на судии-поротници во Основниот кривичен суд Скопје;
4. Донесување на одлука по барање за мирување на судиска функција;
5. Донесување на одлуки по барање на судии за надомест на закупнина;
6. Расправа и одлука на приговор по однос на измена на Годишниот распоред за работа на Управниот суд на Тања Терзиева судија на Управниот суд;
7. Разгледување и усвојување на извештај од Комисијата за рангирање на кандидати за избор на двајца судии во Апелационен суд Гостивар – граѓанска област;
8. Одлучување по известување од комисија за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување одговорност на судија;
9. Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија односно претседател на суд; и
10. Разно

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа за предложениот Дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предложениот дневен ред со измените и дополнувањата.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден “Против” е усвоен предложениот Дневен ред.

**Точка 1**

(Разгледување и усвојување на комуникациската стратегија на Судскиот совет на РСМ и судовите во РСМ со акционен план за период 2024-2028 година)

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по напорна и сериозна посветеност на Судскиот совет на РСМ изминатите месеци, а со помош и подршка на проектот на ЕУ за владеење на правото изготвена е Комуникациска стратегија на Судскиот совет на РСМ и судовите во РСМ со акциски план 2024-2028 година. Со ова се потврдуваат заложбите на Советот за имплеметација на препораките од оценската мисија од 9 до 12 наведени во

акцискиот план односно имплеметација на 4 препораки. Појасни дека биле одржани неколку работилници и бил изготвен финален документ, а стратегијата се однесува на Судскиот совет на РСМ и судовите, а тоа значи дека ќе се увојат високи европски стандарди за комуникација на сите нивоа на судството почнувајќи од Судскиот совет на РСМ. Судскиот совет на РСМ имал цел да изготви квалитетна стратегија за комуникација, подобрување на транспаретноста и отчетноста заради што бил слушнат и гласот на судиите преку претседателите на судовите, преку претседателот на Здружението на судиите, преку новинарите, портпаролите на судовите и други релевантни фактори. Целта на оваа стратегија е да се воспостави единствена политка за комуникација во сите судови и вклучени се конзистентни процедури за комуникација. Оваа стратегија е петгодишна рамка која ќе треба периоднично да се ажурира преку акциониот план, кој опфаќа конкретни активности, мерки, рокови, потребните ресурси и ги идентификува одговорните субјекти за спроведување на овие чекори. Јавноста мора и треба да дојде до навремени и разбирливи информации во врска со процесот на донесување на одлуки во судството и да има довреба дека постапките се правични, законити и ефективни. Согласно Стратегијата за човечки ресурси за судската мрежа од 2020 година за да се постигне структурна независност на судовото потребни се јасни и прецизини правила и услови.

По однос на текстот на нацрт стратегијата Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот по функција **Беса Адеми** која наведе дека една од клучните цели на оваа стратегија е исполнување на препораките на оценската мисија за транспратеност на Судскиот совет на РСМ согласно заложбите за отворено судство и декларацијата за отворено судство. Врховниот суд на РСМ во изминатите години многу се посвети на прашањето за транспрентност на што укажува извештајот за слободен пристап во кој е нотиран извонреден нагорен тренд на судот со високо ниво на транспратентност особено во последните години. Заложбите за отченост се интегрирани и во планот за работа на судот и во планот на антикорупциските активности. Врховниот суд на РСМ изготвил стратегија односно план за конмуникација и односи со јавност кои во следниот период ќе ги интегрираат насоките од комуникациската стратегија на Судскиот совет на РСМ. Врховниот суд на РСМ донел и начелни ставови со кои се унапреди транспрентоста на судовите вкупно, како што се нечелниот став за акредитација на медиумите и за објавување на неправосилните судски одлуки. Од големо значење за оваа стратегија е тоа дека имало инклузивен процес во кој Врховниот суд на РСМ дал придонес во кои делови треба да има подобрување. Треба да се има предвид дека комуникацијата со јавноста, граѓаните, медимуите и граѓанските организации има голема улога за заштита на интегритетот на судиите и заштита на судовите од надворешни влијанија. Јавноста е чувар на интегритетот. За тоа голем придонес имаат почитуваните медиуми и граѓанските организации кои вршат значајна демократска мисија.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која го поздрави изготвувањето на Комуникациската стратегија и тоа што Советот и

членовите несебично се вложиле за изготвување на оваа стратегија. Истакна посебна благодарност на помошта од Меѓународноата заедница преку проектот на владеење на право поткомитет 1 кои се постојано со Советот и помагаат во изготвување и изменување на одредени акти на Советот за подобрување на целокупното работење на Судскиот совет на РСМ. Бидејќи стратегијата е производ на една детална свот анализа, членот на Советот се надева дека истата успешно ќе биде спроведена и наскоро ќе бидат видливи раузлтатите од нејзината примена.

Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе дека ваквата анализа е направена врз основа на реалната фактичка состојба. За функионалност на ВЕБ страната потребни се средства со примена на сегашните ресурси. Се почнало со капацитетите со кои располага Советот и лесно е да се направи кога има многу средства и ресурси, но Советот се потруди во рамките на тоа со што располага. Бил вложен голем труд и надчовечки напор да се дојде до оваа стратегија.

Претседателот на советот **Весна Дамева** наведе дека е направена техничка грешка во пишувањето во самиот текст на првата страна каде стои "во името на народите" треба да стои "во името на граѓаните".

Потоа Претседателот на советот **Весна Дамева** комуникациската стратегија на Судскиот совет на РСМ и судовите во РСМ за период 2024-2028 година со акциски план ја стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За" и ниту еден "Против" е донесена следната

# О Д Л У К А

**СЕ УСВОЈУВА Комуникациската стратегија на Судскиот совет и судовите во Република Северна Македонија (20204 -2028)**

Во овој момент, поради оправдани причини, членот на Советот по функција **Беса Адеми** ја напушти седницата

## Точка 2

(Определување на ВД претседател на Апелационен суд Битола)

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека на ден 06.06.2024 година се изврши избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите на апелационото подрачје Битола при што за член на Судскиот совет на РСМ е избран Александар Камбовски, ВД претседател на Апелациониот суд Битола, кој избор е верификуван од Комисијата за избор на член на Судскиот совет од редот на судиите. Бидејќи е неизвесно кога ќе биде дадена свечена изјава во

Собрание на рСМ, а со цел да не се свикува итна седница на Советот, смета дека може да се одлучи по оваа точка.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека должноста како член на Советот ја започнува од моментот на давање на заклетвата. Тоа значи дека избраниот член Александар Камбовски е сеуште ВД претседател на Апелациониот суд Битола, па оттука има дилема дали на денешната седница да се определи ВД Претседател на Апелациониот суд Битола. Исто така заради фактот дека не е формирана новата Влада, неизвесно е кога новите чкенови ќе дадат заклетва во Собранбието.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека определувањето на нов ВД Претседател на судот нема да биде со денешен датум, туку со одложено дејство односно со денот на започнување на вршењето на функција член на Советот на Александар Камбовски.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека се работи за иден извесен факт кој треба да се случи и не е проблем да се донесе ваква одлука. Меѓутоа треба да се има предвид дека доаѓа период на годишни одмори и можеби е добро да се донесе одлука со одложено дејство.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека моментално Советот е во ситуација кога е избран за член ВДр петседателот на Апелациониот суд Битола, уверение му е дадено и сега има извештај кој треба да се усвои на седница на Советот. Потоа следува давањето на заклетва и истиот формално да стане член на Советот. Сега следуваат годишни одмори и Апелациониот суд Битола не може да се остави без ВД Претседател и затоа може да се донесе ваква одлука која ќе стапи во сила после денот на давањето заклетва.

За збор се јави Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** кој наведе дека може да се донесе ваква одлука. Сега кога е ставена оваа точка на дневен ред подобро би било да се определи ВД Претседател на Апелациониот суд Битола со цел да не трпи работата на судот.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** кој наведе дека добро е да се дискутира за вакви сутиации, меѓутоа сега е преурането да се одлучува, треба да се сочека моментот на заклетвата и дури тогаш да се постави ВД Претседател на Апелациониот суд Битола.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека не е пречка и грешка сега да се донесе ваква одлука, меѓутоа правилно и законито би било ваква одлука да се донесе после давањето на заклетва односно го дели мислењето со колегата Миљазим Мустафа.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека целисходно би било по завршување на целиот процес на избор на член на Советот да се донесе одлука за определување на ВД Претседател, но согласно

севкупните околности и периодот на одмори, за да не се доведе Советот во незавидна ситуација, смета дека не е пречка денес да се определи ВД Претседател кој ќе започне со работа кога избраниот член ќе даде заклетва.

Членот на Советот **Мирсад Суроји** не се согласува со ваквото мислење и смета дека не е ефикасно сега да се определи ВД Претседател бидејќи судот има ВД претседател и заменик. После давањето заклетва може да се донесе одлука за избор на ВД Претседател.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека се појаувува уштете еден проблем. Имено, координаторот за овој суд не е присутен на оваа седница и Советот нема комплетни податоци и информации за судиите во судот, особено околу нивните оценки, за да би можело да се донесе ваква одлука.

Бидејќи мнозинството членови на Советот смета дека Советот треба да биде ажурен и да не закажува итни седници, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде пауза со цел да се обезбедат материјали односно податоци и информации за работата на судиите во Апелациониот суд Битола.

После паузата, Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека видно од доставените податоци во Апелациониот суд Битола 4 судии се пензионирани, 1 судија ќе се пензионира на 24.08.2024 година, а 1 судија е претседател на Основен суд Охрид. Заменик претседател е судија Жаклина Доведен и најдобро би било истата да биде ВД Претседател на судот.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека судијата Жаклина Доведен е заменик претседател на ВД Претседателот и најдбро е запознаена со работата и функционирањето на судот, па според нејзе предлогот е рационален и прифатлив.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека судијата Жаклина Доведен има многу мала разлика во бодови во однос на второ рангираната во моментот после прво рангираниот кој сега е избран за член на Советот. Смета дека не е проблем истата да биде ВД Претседател краток временски период бидејќи Советот ќе објави оглас за избор на претседател на Апелациониот суд Битола.

За збор се јави членот на Советот Павлина Црвенковска која наведе дека се согласува со изнесеното од претходните колешки. Станува збор за краток период во кој судијата би била ВД Претседател, ако се има предвид дека ќе се објави оглас за избор на Претседател на Апелациониот суд Битола. Истата како Заменик претседател била во тек со работата на судот и за да се задржи континуитетот во работењето, а согласно и бодувањето од редовното оценување истата не гледа проблем судијата Жаклина Доведен да биде ВД претседател на судот.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** и истакна дека негов став е дека за ВД Претседател треба да биде избран судијата со

највисока оцена. Бидејќи судијата Анита Милошевска има највисока оцена од сите судии во судот, предлага за ВД Претседател да биде судијата Анита Милошевска.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека судијата Жаклина Доведен како заменик претседател е упатена во работата и во континуитет би ја оправдала оваа функција или должност. Но се појавува одредена правна пречка, бидејќи доколку судијата биде определена за ВД Претседател, судот останува без заменик претседател. Се поставува прашање дали ВД Претседателот може да определи Заменик претседател, бидејќи со изборот на ВД Претседател судот ќе нема заменик претседател.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека ова не треба да се проблематизира бидејќи судијата Камбовски е сеуште ВД Претседател, а негов заменик е судијата Жаклина Доведен која ќе стане ВД Претседател кога судијата Камбовски ќе положи заклетва, и оттука не треба да се отвараат процесни дилеми. Колегата Камбовски има обврска да ги доврши своите обврски како ВД Претседател додека не дојде за член во Советот, а по стапување на новиот ВД Претседател, истиот ќе си определи и заменик.

Со оглед да повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** нејзиниот предлог за ВД Претседател да биде определена судијата Жаклина Доведен и истата да се овласти да биде потписник на сите акти и сметки на судот од денот на стапување на функцијата член на Судскиот совет судијата Александар Камбовски, го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 7 гласа „За“ и 2 “Против” донесено е следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Апелационен суд Битола се определува **Жаклина Доведен,** судија на Апелационен суд Битола и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од денот на започнување на извршување на функцијата член на Судскиот совет на Република Северна Македонија на Александар Камбовски - судија на Апелационен суд Битола, кој во моментот ја врши функцијата ВД претседател на Апелационен суд Битола.

Потоа, Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** процедурално се јави за збор и наведе дека согласно Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ потребно ќе биде тие членови што гласале против да ги образложат своите причини за тоа.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** наведе дека гласал “против” заради принципиелни причини бидејќи одредбата повикува да се гласа за тие судии што имаат најголем број на бодови, а во случајов тоа е судијата Анита Милошевска од Апелациниот суд Битола.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага да се објави оглас за избор на Претседател на Апелациониот суд Битола со одложено дејство, односно по формирање на Владата на РСМ.Ваквиот предлогот Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ и ниту еден “Против” е донесена

**О Д Л У К А**

**ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС:**

**- За избор на претседател на Апелационен суд Битола, по завршување на избор на Влада**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека ќе се премине на формирање на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на Претседател на Апелациониот суд Битола по донесената одлука за избор на Претседател на Апелацниот суд Битола по пат на ждрепка.

По спроведеното ждребање, се констатира дека е формирана Комисија во следниот состав: **Мирсад Суроји** – Претседател на комисијата, **м-р.Антоанета Димовска** и **м-р.Тања Чачарова Илиевска** – Членови на комисијата. Комисијата е потребно да постапи согласно одредбите од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд и да достави Извештај до Судскиот совет на РСМ на разгледување и усвојување.

**Точка 3**

(Донесување на одлуки за престанок на функција судија-поротник и избор на судии-поротници во Основен кривичен суд Скопје)

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на координаторот за Основен кривичен суд Скопје **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека од страна на Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје доставена е дополнителна предлог листа за избор на судии-поротници и предлог за разрешување на судии-поротници до Судскиот освет на РСМ. Претседателот на судот го известува Судскиот совет на РСМ дека на 4 судии-поротници им истекува мандатот бидејќи истите се избрани за судии-поротници со одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-829/3 од 11.06.2020 година која стапува во сила на 10.06.2020 година. Со оглед на наведеното нивниот мандат истекува на 10.06.2024 година. Од тие причини Претседателот на судот предлага Советот да констатира престанок на мандатот на истите поради истек на време за кое се избрани. Бидејќи истите се вклучени во судските предмети и

заради континуитет во работењето на овие предмети предлага истите да бидат повторно избрани за судии-поротници. Се поредлага рарешување на следните судии-поротници: Бонијела Георгиевска поради истек на мандат, Соња Бинова поради истек на мандат, Марија Прличкова Велкова поради истек на мандат и Весна Божинова поради истек на мандат. Согласно одредбите цитирани во Извештајот од Законот за Судскиот совет на РСМ, Законот за судовите и член 26 став 2 од Деловникот за работа на Судскиот освет на РСМ по извршената проверка во регистарот на судии-поротници констаирано е дека на наведените судии-поротници им истекол мандатот за кои биле избрани и предлага истите да бидат разрешени од функцијата судија-поротник. Воедно поаѓајќи од предлогот на Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје заради целисходност во работењето на судот истиот достави предлог листа на кандидати за судии-поротници, а по објавен оглас и тоа: Бонијела Слободан Георгиевска, Соња Димитар Бинова, Марија Алексо Прличкова Велкова и Весна Велко Божинова. Членот на Советот предлага ваквата листа да биде усвоена и истите да бидат избрани за судии-поротници во Основен кривичен суд Скопје со мандат од 11.06.2024 година.

По однос на предлогот на координаторот за разрешување на горенаведените судии-поротници поради истек на мандат Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на координаторот да се донесе одлука со која на судиите-поротници: Бонијела Георгиевска, Соња Бинова, Марија Прличкова Велкова и Весна Божинова избрани со одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-829/3 од 11.06.2020 година им престанува функцијата судија-поротник поради истек на мандатот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ донесена е следната

**О Д Л У К А**

На Бонијела Ѓорѓиевска, Соња Бинова, Марија Прличкова Велкова и Весна Божинова, избрани за судии поротници на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија 02-829/3 од 11.06.2020 година им престанува функцијата судија поротник на 10.06.2024 година, поради истек на мандатот.

Потоа, по однос на предлогот на координаторот за избор на горенаведените судии-поротници Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на координаторот за избор на судиите-поротници: Бонијела Слободан Георгиевска, Соња Димитар Бинова, Марија Алексо Прличкова Велкова и Весна Велко Божинова го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ донесена е следната

**О Д Л У К А**

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани:
1.Бонијела Ѓорѓиевска
2.Соња Бинова
3.Марија Прличкова Велкова и
4.Весна Божинова.
Оваа одлука влегува во сила од 11.06.2024 година.

По укажување на членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** во врска со одлуката за избор на судии-поротници во Основниот кривичен суд Скопје се пристапува кон гласање од страна на припадниците на заедниците. По гласањето се констатира дека има 4 гласа „За“ за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје за Бонијела Ѓорѓиевска, Соња Бинова, Марија Прличкова Велкова и Весна Божинова, која одлука влегува во сила од 11.06.2024 година.

**Точка 4**

(Донесување на одлука по барање за мирување на судиската функција)

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека од страна на судијата Вјолца Мора Бајрами од Основен суд Куманово доставено е барање за мирување на судиската функција поради избор на нејзниот сопруг за кандидат за школување, обука, стручно оспособување и усовршување за потребите на МО и Армијата на РСМ заради учество на Универзитет во Вашингтон, САД, во период од 22.06.2024 до 13.06.2025 година. Во самото барање судијата се повикува на член 59 од Законот за судовите, член 152 став 1 и 3 од ЗРО и член 40 од Уставот на РСМ.

Во врска со наведеното, Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** како координатор за Основен суд Куманово наведе дека нема ништо повеќе да додаде отколку тоа што е во материјалите за оваа точка од Дневниот ред. Нејзин личен став е дека Судскиот совет на РСМ досега веќе има ваква пракса согласно одлуката на Уставниот суд на РСМ кога се дозволи на судија на Врховниот суд на РСМ да и мирува судиската функција, како и за судија на Основен граѓански суд Скопје чиј сопруг беше упатен да ги извршува своите работни обврски надвор од државата. Оттука и во овој случја треба и на овој судија согласно доставената докуемнтација да и се дозовли мирување на судсиката функција.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека за ова прашање се донесени 2 одлуки врз основа на одлуката на Уставниот суд. Сопругот на судијата е упатен на едукција од Министерството за одбрана што е во рамките на неговата работа. Се работи за едукација не по сопствена желба туку по барање на Министерството и е во соглсност со

Законот за равботните односи. Членот наведе дека ќе гласа за да и мирува функцијата на судијата 1 година.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека  се работи за право предвидено во Законот за работни односи, Советот има пракса за вакви работи и неспорно е дека на судијата и следува такво право.

Членот на Советот **Мирсад Сурoји** наведе дека на истата и следува вакво право и Советот веќе има искуство со вакви работи. Ќе недостасува еден судија во суд кој е ажурен, кој судија е професионален во работата. Такво право и следува на судијата.

За збор се јави Претседателот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека имало ситуација кога на судија не му било утврдено мирување бидејќи лично барал и законот има децидни одредби за тоа, меѓутоа во овој случај станува примена на одредби од Законот за работните односи за што има пракса во Советот и пресуда на Уставниот суд. Ова усворшување е за понатаму да се даде придноес во Министерството за одбрана согласно договорот за стручно оспособување и усовршување во странство, а притоа потребно е да се внимава и на семејниот живот.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор Претседателот на Советот **Весна Дамева,** предлогот на судијата Вјолца Мора Бајрами од Основен суд Куманово да и мирува судиската функција поради избор на нејзниот сопруг за кандидат за школување, обука, стручно оспособување и усовршување за потребите на МО и Армијата на РСМ заради учество на Универзитет во Вашингтон, САД, во период од 22.06.2024 до 13.06.2025 година, го стави на гласање.По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“донесена е следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за мирување  на судиската функција поднесено од Вјолца Мора Бајрами, судија на Основен суд Куманово, бр.02-1106/1 од 04.06.2024 година, **СЕ УСВОЈУВА.**

Се утврдува мирување на судиската функција на Вјолца Мора Бајрами, судија на Основен суд Куманово од 11.09.2024 година   заклучно со 20.06.2025 година.

## Точка 5

(Донесување на одлуки по барање на судии за надомест на закупнина)

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека од Благородна Аранѓелова судија на Управен суд до Советот доставено е барање со прилог анекс-договор бр.05-934/1 од 09.05.2024 година со кое бара да и се одобри правото на надоместок за закупнина на стан поради промена на висинита на надоместокот од досегашните 250 ерва на 300 ерва, а согласно анекс-договорот за закуп склучен на 19.04.2024 година кај Нотар. Кон барањето

прилага анекс-договор за закуп, решение на Судски буџетски совет од 14.10.2023 година и договор за закуп од 17.04.2018 година, сите заверени на Нотар.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос на наведеното отвори дискусија.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека од доказите приложени кон барањето, посебно од решението со кое и се признава право на надоместок на закупнина, висината на закупнината може да биде најмногу до 300 евра во денарска противвредност месечно. Наведе дека тука нема ништо спорно и ќе гласа за прифаќање на барањето.

Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе дека се согласува со колешката Тања дека постои утврдено право, а сега се утврдува висината односно изменетите околности кои се во рамките на законот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека се работи за донесена одлука за утврдено право од страна на друг орган – Судски буџетски совет, а не од Судскиот совет на РСМ односно тоа не е одлука на Судскиот совет на РСМ.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека има полноважна одлука на орган кој бил надлежен да одлучува за ова правно прашање и не може Судски совет на РСМ да одлучува бидејќи истото веќе е утврдено согласно закон во соодветна постапка од страна на надлежен орган. Имајќи ја предвид изреката во решението од Судски буџетски совет ако сега Советот повторно го утврдува правото треба да се рачисти што со ова решение односно дали да се стави вон сила или не.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека од страна на колешките Тања и Антоанета дадени се доволно аргументи и по ова прашање нема дилема. Инстутот “ставање вон сила” постои, но истиот е условен. Постои утврдено право на начин, услови и постапка спроведена од надлежен орган кое право не е ограничено со рок односно важи се додека колешката го исполнува статусот врз основа на кој и следува тоа право.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека правото е неспорно утврдено и сега треба да се постапи по висината на закупнина.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** барањето на Благородна Аранѓелова, судија на Управен суд за признавање на правото на зголемен надомест на трошоци за закупнина во износ од 300 евра месечно кој износ да се исплаќа во денарска противвредност согласно средниот курс на Народна банка на РСМ, сметано од 15.05.2024 година па се додека ја извршува судиската функција, го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 9 гласа „За“донесено е следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на Благородна Аранѓелова за зголемување на надоместок на трошоци за закупнина на стан **СЕ УВАЖУВА**.

На Благородна Аранѓелова**,** судија на Управен суд и **СЕ ПРИЗНАВА** правото на зголемување на надоместок за закупнина на стан, во износ од 300 евра месечно, сметано од 15.05.2024 година, па натаму се додека ја извршува судиската функција во Управен суд.

Висината на надоместокот на закупнина на стан за горенаведениот период изнесува 300 евра месечно, во денарска противредност сметано по среден курс на Народната банка на РСМ.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека од Имсале Хасани, судија на Управен суд доставен е договор за закуп во врска со надомест на трошоци за закупнина заверен на Нотар бидејќи на 01.06.2024 година истекол рокот за кој бил склучен договорот. Нов договор е склучен на неодредно време почнувајќи од 01.06.2024 годиона.Во прилог е доставена и фотокопија од лична карта дека нема измена на место на живеалиштето.

По однос на наведнеото Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека и тука се работи за право кое и е признаено на судијата, само сега треба истото да продолжи.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на Имсале Хасани судија на Управен суд за признавање на правото на зголемен надомест на трошоци за закупнина во износ од 240 евра месечно кој да се исплаќа во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на РСМ, сметано од 01.06.2024 година па се додека ја извршува судиската функција, го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ донесено е следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на Имсале Хасани за надоместок на трошоци за закупнина на стан **СЕ УВАЖУВА**.

На Имсале Хасани, судија на Управен суд и **СЕ ПРИЗНАВА** правото на надоместок за закупнина на стан, во износ од 240 евра месечно, сметано од 01.06.2024 година па натаму додека ја извршува судиската функција во Управен суд.

Висината на надоместокот на закупнина на стан за горенаведениот период изнесува 240 евра месечно, во денарска противредност сметано по среден курс на Народната банка на РСМ.

**Точка 6**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека е поднесен приговор од Тања Терзиева, судија на Управниот суд против распоредот за измена на распоредот за работа на судиите и претседателот на Управниот суд за 2024 година Су.01.бр.0102-1/2024-3 од 06.06.2024 година донесен од страна на претседателот на Управниот суд по претходно одржана седница на судии на 05.06.2024 година во Управниот суд и даде збор на координаторот за Управен суд **м-р.Тања Чачарова Илиевска**.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека судијата во приговорот наведува дека Претседателот на судот при донесување на овој распоред за работа не донел и не доставил до судијата писмено образложена одлука за нејзиното распоредување во друг судски оддел, ниту пак констатирал дека истата ќе биде распределена најдолго само за период од една година и дека по истекот на тој период ќе се врати во Специјализиран судски оддел за финансиски прашања, прекршоци и други сродни права каде претходно била распоредена. Судијата наведува дека во рок од 5 години била, спротивно на член 39 став 8 од Законот за судовите, распоредувана во различни оддели и тоа до 2020 година работела во Специјализиран судски оддел за пензиско и инвалидско осигурување, во 2021 година била распоредна во Специјализиран судски оддел за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, а во 2022 година во Специјализиран судски оддел за финансиски прашања, прекршоци и други сродни права во вториот совет. Судијата појаснува дека Претседателот на судот не прибавил мислење од општата седница на Врховниот суд на РСМ согласно член 39 став 8 од Законот за судовите односно Претседателот на судот се повикува на став од општата седница на Врховниот суд на РСМ 03Су.бр.56/2021 од 22.02.2021 година кое решение било донесено по друг конкретен приговор за друг конкретен случај и истиот не може да најде примена во овој случај. Судијата посочува дека Претседателот на судот измената на распоредот ја направил без при тоа да направи детална и темелна анализа на бројто на предмети кои се во работа кај судии и судски оддели и без при тоа да води сметка за приливот на предмети по основи. Со претходниот распоред за измена на распоредот од месец Април 2024 година е констатирано дека има дефицит на прилив на предмети во советот од областа на денационализација и експропријација, па нејасно е од кои причини судијата е распоредена од еден во друг судски оддел кога не постои зголемен обем туку напротив од оддел и совет во кој има поголем број предмети и во кој нема дефицит на предмети судијата е распоредена во оддел за кој е констатирано дека има дефицит на предмети. Судијата појаснува дека оваа измена на распоредот ќе отпочне со примена од 10.06.2024 година и бидејќи има ориентационен број на предмети што треба месечно да ги реши, за месец Јуни и Јули веќе има закажано расправи по предметите од одделот “У-5”, па ќе се доведе во прашање исполнување на критериумот успешност во работењето и нема да може да ја оствари наормата за овие месеци. Ова од причина што ќе треба предметите од другиот оддел во кој е распоредена допрва да ги проучи и да ја утврди нивната комплетност и уредност, па дури

потоа да закаже јавна расправа со доволно време за прием на поканите за јавна расправа за странките. Согласно сето наведено судијата предлага приговорот да се усвои.

По однос на наведнеото Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** смета дека приговорот е основан од причина што се работи за измена на Годишен распоред за работа и мора да има соглансот од седница на Врховниот суд на РСМ или од судијата, а во овој случај изостанати се двете работи. Членот на Советот се согласува со причините кои ги изнесе колешката Тања за основаноста на приговорот.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** кој наведе дека се согласува во целост со причините наведени во приговорот, истите се основани и смета дека приговорот треба да биде усвоен од страна на Судскиот совет на РСМ.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека ќе гласа за усвјоување на приговорот бидејќи видно од изложеното од колешката и сите наводите истакнати ви приговорот, смета дека истиот е основан.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека од наводите изнесени од страна на колешката Тања очигледно е дека од страна на Претседателот на Управниот суд сотрени се повредни на одредбите од член 39 од Законот за судовитеи од овие причини смета дека овој приговор е основан.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека нема оправдана причина поради која претседателот на Управниот суд извршил измена на Годишниот распоред во овој дел и смета дека судијата е во право. Наведе дека ќе гласа за усвојување на приговорот.
Бидејќи повеќе никој не се јави за збор Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на Тања Терзиева судија на Управен суд да остане да постапува по предметите во Специјализираниот судски оддел за финансиски прашања, прекршоци и други сродни права, согласно распоредот за работа на Управниот суд за 2024 година за Претседателот на судот и судиите, Су01бр.0102-1/2024 од 02.01.2024 година и Распоредот за измена на распоредот за работа на Управниот суд за 2024 година за Претседателот на судот и судиите, Су01бр.0102-1/2024-2 од 12.04.2024 година, го стави на гласање.

Во моментот на гласање отсутен е членот на Советот **Павлина Црвенковска**.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“донесено е следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од Тања Терзиева, судија на Управниот суд против Распоред за измена на Распоред за работа на Управниот суд за 2024 година Су01бр.0102-1/2024-3 од 06.06.2024 година со кој судијата се распоредува на предмети во Специјализиран судски оддел за имотно правна област, денационализација, експропријација, права од пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, урбанизам, градежништво, прекршоци и други сродни права, во вториот совет на Управниот суд евидентирани во Уписник „У-1“, а заведен во Советот под бр.03-1151/1 од 07.06.2024 година, **СЕ УСВОЈУВА.**

Тања Терзиева, судија на Управниот суд останува да постапува по предметите во Специјализираниот судски оддел за финансиски прашања, прекршоци и други сродни права, согласно распоредот за работа на Управниот суд за 2024 година за Претседателот на судот и судиите, Су01бр.0102-1/2024 од 02.01.2024 година и Распоредот за измена на распоредот за работа на Управниот суд за 2024 година за Претседателот на судот и судиите, Су01бр.0102-1/2024-2 од 12.04.2024 година.

## Точка 7

(Разгледување и усвојување на извештај од Комисијата за рангирање на кандидати за избор на двајца судии во Апелационен суд Гостивар – граѓанска област)

Престедателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по објавен оглас за избор на двајца судии во Апелационен суд Гостивар – граѓанска област формирана беше Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд која изготви Извештај. Претседател на комсијата е членот на Советот Ханиф Зендели на кого му даде збор.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека е формирана комисија во состав: Ханиф Зендели – претседател, Лорета Горгиева и м-р.Селим Адеми – членови, која согласно законските одредби ги разгледа првично доставените 6 пријави, меѓутоа во текот на постапката 1 судија се повлече од кандидатурата со изјава што значи останаа 5 кандидати. Согласно законските одредби кои услови треба да ги исполнат кандидатите, според членот на Комисијата Лорета Горгиева 2 кандидати не ги исполнуваат условите бидејќи не доставиле потврда за судски стаж, а доставиле пријава од Фондот кој е извадок од ВЕБ страната на тој орган. Претседателот на Комсијата и членот м-р.Селим Адеми се на мислење дека тој факт може да го потврди Судскиот совет на РСМ бидејќи тие двајца кандидати се судии од поодамна односно се работи општо познат факт и сметаат дека сите кандидати ги исполнуваат условите. Членот на Комисијата Лорета Горгиева смета дека тие 2 кандидати не ги исполонуваат условите бидејќи не доставиле потврда согласно член 45 и член 46 од Законот за судовите. Оттука спорни се 2 кандидати.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека има заклучок на Судскиот совет на РСМ дека за сите податоци со кои Советот располага не може да се каже дека тој кандидат не ги исполнил условите односно не доставил доказ. Никаде во законот не пишува кој ја издава таа потврда. Битно е кандидатот да докаже дека го има потребниот стаж и смета дека се работи за непотребен формализам. Советот е должен овие податоци да ги има по закон и истиот ги има овие податоци. Членот на Советот смета дека овие пријави не се спорни.

Членот на Собветот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека не се согласува во целост со колешката Антоанета. Имено, согласно донесениот заклучок, а имајќи ги предвид одредбите од член 46 став 1 точка 3 и 4, прашањето е дали Комисијата обезбедила доказ дека овие кандидати имаат непрекинат судиски стаж до моментот на објавување на огласот.

Членот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека се работи за судија избран во основен суд на 10.06.2010 година,  а на 31.03.2021 година започнува со функција заменик директор на Акдемијата за судии и јавни обвинители. Другиот кандидат е судија 12 години.

За збор се јави **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека законот е јасен - непрекинат стаж е наведено точно каде. Времето поминато во Академија за судии и јавни обвинители не е непрекинат судиски стаж. Меѓутоа се согласува со Комисијата дека судијата претходно веќе го има потребниот стаж уште пред да биде заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека ако одреден факт не е спорен не треба и да се докажува. Овие кандидат го имаат потребниот непрекинат стаж, повеќе од тоа што го бара законот. Се работи за општо познати факти.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека пријавите на судиите Јехона Садику од Основен граѓански суд Скопје и Илир Исеини од Основен суд Дебар кој се нотирани од Комисијата како спорни, по расправата се констатира дека истите не се спорни односно се целосни. Наведеното го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 9 гласа „За“ се усвојува извештајот на Комисијата,  нема спорни пријави по објавен оглас за избор на двајца судии во Апелационен суд Гостивар – граѓанска област.

Бидејќи наредните 2 точки се однесуваат на одлучување по известување за утврдена фактичка состојба од Комисија и формирање на комисии по поднесени барање за утврдување на одговорност на судија односно Претседател на суд, Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ потребно е да се исклучи јавноста, заради што предлогот го стави на гласање.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека во салата не е присутен членот на Советот м-р.Миљазим Мустафа.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“ донесена е одлука за исклучување на јавноста за точка 8 и 9, а точка 10 – Разно останува отворена за јавноста.

**Точка 8**

(Одлучување по известување од комисија за утврдена фактичка по поднесено барање за утврдување на одговорност на судија)

**Точка 9**

(Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија односо претседател на суд)

**Точка 10**

(Разно)

Претседателот на судот **Весна Дамева** наведе дека во материјалите за оваа седница е ставен Извештај од Комисијата за спроведување на избори за членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите со цел за да се преземет следните дејствија околу изборот на членови на Судскиот совет на РСМ. Појасни дека на ден 06.06.2024 година извршен е избор на двајца кандидати и тоа од Апелационо подрачје Битола - судијата Александар Камбовски и од Врховниот суд на РСМ - судијата Исмадеин Лимани. Комисијата за спроведувње на овие избори успешно и согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на РСМ го спровела изборот на 2 (двајца) членови на Судскиот совет на РСМ.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека во неколку наврати членовите на Советот го начнале прашањето за отсуство на поединечни членови на Советот. Деловникот е во сила и треба да се почитуваат пропишаните рокови во постапување по предметите за кои одлучува Советот. Предлага да се сподели ова заедничко прашање за отсуство на определени членови од оправдани причини бидејќи се поставува прашање што со предметите во кои постапуваат комисии бидејќи треба да се почитуваат роковите во постапувањето. Колешката Лорета во последните 2 години наназад е недоволно присутна за извршување на обврските и членот на Советот не сака евентуалната нејзнина одговорност тој да ја преземе. Оттука истиот предлага колешката Лорета каде е претседател на комисија, па дури и член да биде изземена и нејзините предмети да ги преземе некој од членовите, се со цел ажурно и навремено постапување на Советот.

Членот на Советот **Мирсад Суроји** наведе дека овој проблем не е од денес туку е постар проблем. Предлага заради ефикасност и ажурност на Советот кога ќе се формираат комисиите на известители по пат на ждрепка секогаш во комисијата да има и еден заменик член заради вакви ситуации. Ова уште повеќе од причина што сега е период на годишни одмори.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** во контекст на наведеното истакна дека е потребно да се обезбедат податоци во кои предмети членот на Советот Лорета Горгиева е претседател или член на комисија, па во зависност од нејзиното однесување на наредната седница ќе се одлучи по однос на оваа работа.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека предлогот на членот Мирсад Суроји е добар и се согласува со истиот, меѓутоа истото не може да се примени во пракса без законска измена, а сега Законот за Судскиот совет на РСМ е во фаза на измена. Смета дека оваа работа не може да се спроведе со деловник.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека не може доколку Генералниот секретар бара таков податок, да не добие таков податок. Тој што користи боледување треба да каже дека ќе користи неколку месеци лекување. За оваа работа треба да се воспостави пракса да се известува Генералниот секретар колку ќе трае боледувањето. Предлогот на колегата според него е нелогичен.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека ова прашање треба да се разгледа бидејќи е проблем и предлогот на членот Ивица е сосема на место. Потребно е до наредната седница да се види за кои предмети станува збор и Советот да донесе одлука дали ќе направи промена или не.

Бидејќи повеќе никој повеќе не се јави за збор и со оглед на тоа дека дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Советот **Весна Дамева** ја заклучи седницата.

Седницата заврши во 14:00 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот од гласање се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Весна Дамева**

______________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева